Здружение за заштита на работничките права
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип
Бр. 06/12 -2
30.12.2022 год.

МЛАДИНСКИ КЛУБ
Бр. 09-18/1
30.12.2022 год
ШТИП

## <u>МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА</u>

Склучен помеѓу:

1. **Здружение за заштита на работничките права Гласен Текстилец**, ул.Пролетерска бр.42, ЕДБ 4029017519525, застапувано од лицето Кристина Ампева, Претседателка, во натамошниот текст **Гласен Текстилец** и

2. **Здружение Младински Клуб – Штип,** ул. „Широк Дол“ бр. 3А/9 Штип, ЕДБ 4029005131734, застапувано од лицето Драгана Митровиќ, Извршна директорка, во натамошниот текст **Младински Клуб.**

### ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

Член 1

Предмет на овој Меморандум е заедничката согласност помеѓу Гласен Текстилец и Младински Клуб за соработка на заеднички активности во рамки на годишните планови за работа, и тоа, конкретно:

- Гласен Текстилец ќе дозволи користење на својот канцелариски простор на Младински Клуб за реализирање на активности, вклучително и реализирање на активностите за спроведување на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија во 2023 година, почнувајки од 01.01.2023 год. до прекинување на важноста на овој меморандум;
- Иницирање и спроведување на заеднички активности и соработка во областа на младите, волонтерството и човековите права.

## ОБВРСКИ НА ПОТПИСНИЦИТЕ

Член 2

Гласен Текстилец и Младински Клуб се обврзуваат да остваруваат повремена координација за своето работење како и меѓусебна поддршка за непречено, навремено и ефикасно спроведување на своите активности во согласност со стратешките цели и планови.

Член 3

Гласен Текстилец се обврзува да дозволи користење на својата канцеларија на адреса „Сутјеска“ 59 Штип:

- реализирање на активности на Младински Клуб по претходна најава и одобрување со одредување на термини кога канцеларијата не се користи од Гласен Текстилец;
- користење на канцеларијата секој работен ден по барем еден час дневно во попладневните часови за спроведување на активностите на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во РСМ.

Младински Клуб се обврзува просторот да го користи за договорената намена и да го користи со внимание на добар домаќин.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 4

Правата и обврските на секоја од договорените страни не можат да бидат пренесени на трето лице, без претходна писмена согласност од другата страна.

Член 5

Овој Меморандум за соработка може да се менува и дополнува само со склучување на Анекс потпишан од двете договорени страни.

Член 6

Овој Меморандум за соработка влегува во сила на денот на потпишувањето и важи до завршувањето и исполнувањето на обврските на секоја договорена страна.

Член 7

Страните се согласни спогодбено да ги решаваат евентуалните спорови коишто би можеле да произлезат од реализацијата на овој Меморандум за соработка.

Член 8

Меморандумот за соработка е склучен во два еднообразни примероци, по еден за секоја договорена страна.

Кристина Ампева,
Претседателка

Здружение за заштита на работничките права Гласен Текстилец

*дата, место:* 30.12.2022 Штип

Драгана Митровиќ,
Извршна директорка

Младински Клуб – Штип

*дата, место:* 30.12.2022 Штип